Република Македонија

Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

Република Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО
ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ
Бр. 03-490/3
28.04 2016 год.
СКОПЈЕ

# АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА 2015 ГОДИНА СО ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

## СОДРЖИНА

| | | |
|---|---|---|
| | Извештај на независниот ревизор | 3 -4 |
| 1. | Вовед | 5 |
| 2. | Биланс на приходи и расходи | 6-7 |
| 3. | Биланс на состојба | 7 |
| 4. | Белешки кон финансиските извештаи | 8 |
| 5. | Проценување на позициите од билансот на состојба | 19 |

**Б и Љ,
Боро и Љупчо
д.о.о. - Скопје**

Ревизија, Проценка и Финансиски Консалтинг

Дрезденска бр 52
91000 Скопје
Македонија

Тел: + 389 (02) 3066-604
+ 389 (02) 3061-185
Факс:+389 (02) 3094-919

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ

**До Раководството на
Агенцијата за супервизија на капитално финансирано
Пензиско осигурување МАПАС Скопје**

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување МАПАС Скопје што ги вклучуваат билансот на приходи и расходи за деловната 2015 година, билансот на состојба на 31 декември 2015 година, како и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување МАПАС Скопје е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководство за непрофитни организации, и за интерна контрола што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото за да обликува ревизорски постапки што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Според наше мислење, финансиските извештаи објективно ја презентираат, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување МАПАС Скопје, заклучно со 31 декември 2015 година, како и неговата финансиска успешност за годината што заврши тогаш во согласност со законските прописи во Република Македонија што го регулираат работењето на непрофитните организации.

Скопје, 18 април 2016 година

Овластен ревизор

Борислав Атанасовски

Ревизија, проценка и финансиски консалтинг
Б и Љ, Боро и Љупчо
д.о.о - Скопје

Управител

Атанасовски Борислав

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА 2015 ГОДИНА

## 1. Вовед

Во овој документ се содржани финансиските извештаи на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (во натамошниот текст МАПАС), кои се состојат од билансот на состојба на 31 декември 2015 година и билансот на приходите и расходите за 2015 година, како и белешките кон финансиските извештаи согласно сметководствените принципи и стандарди. Со измените на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, во 2011 година МАПАС се стекна со финансиска независност и сметководството го води согласно Законот за сметководство за непрофитни организации, Правилникот за сметководство за непрофитни организации и прифатените сметководствени принципи и стандарди, со цел точно, вистинито, сигурно, сеопфатно, благовремено, ажурно и поединечно искажување на билансните позиции, со состојба на средствата, обврските, изворите на средства, приходите и расходите и резултатите од работењето.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи во согласност со Законот за сметководство за непрофитни организации. Оваа одговорност вклучува: креирање, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали тоа е резултат на измама или грешка, избирање и примена на сметководствени политики, како и правење сметководствени процени кои што се разумни во дадените околности.

*Одговорност на сметководителот*

Одговорноста на сметководителот бара почитување на етичките барања, како и планирање и извршување на сметководството на начин кој ќе овозможи да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи немаат материјално погрешно прикажување. Сметководственото евидентирање, исто така, вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и прописи и на разумноста на сметководствените процени направени во текот на годината, како и оценка на вкупното презентирање на финансиските извештаи.

## 2. Биланс на приходи и расходи од 01 јануари до 31 декември 2015 година

Во 2015 година приходите и расходите на МАПАС се како што следат:

(во денари)

| | Белешка[1] | 2015 | 2014 |
|---|---|---|---|
| **Приходи во 2015 година** | **4.3.0** | **46.066.072** | **40.124.211** |
| Приходи од надоместоци | 4.3.0а | 45.601.459 | 39.255.658 |
| Приходи од камати | 4.3.0б | 464.613 | 868.553 |
| **Расходи во 2015 година** | **4.3.1** | **38.576.059** | **31.648.359** |
| Потрошени материјали | 4.3.2 | 559.689 | 655.044 |
| Потрошена енергија (комуналии) | 4.3.3 | 1.290.177 | 590.459 |
| Инвестиционо одржување на средствата | 4.3.4 | 98.200 | 0 |
| Други услуги | 4.3.5 | 5.292.209 | 2.726.625 |
| Превозни –транспортни услуги | 4.3.6 | 112.997 | 0 |
| Издатоци за реклама и репрезентација | 4.3.7 | 358.710 | 770.360 |
| Наемнини | 4.3.8 | 161.142 | 217.818 |
| Други материјални расходи | 4.3.9 | 436.614 | 601.202 |
| Провизија за платен промет | 4.3.10 | 33.961 | 31.143 |
| Премии за осигурување на лица | 4.3.11 | 74.917 | 119.340 |
| Дневници за службени патувања и патни трошоци | 4.3.12 | 771.114 | 1.218.515 |
| Надоместоци за трошоци на работници и граѓани | 4.3.13 | 0 | 82.500 |
| Негативни курсни разлика | 4.3.14 | 539 | 0 |
| Членарини | 4.3.15 | 359.350 | 358.116 |
| Интелектуални и други услуги | 4.3.16 | 1.814.349 | 1.047.506 |
| Останати други расходи | 4.3.17 | 291.882 | 134.746 |
| Средства за градежни објекти | 4.3.18 | 35.498 | 315.547 |
| Средства за опрема | 4.3.19 | 1.009.107 | 11.055 |
| Други капитални средства | 4.3.20 | 1.114.007 | 152.804 |
| Основни плати и надоместоци | 4.3.21а | 18.316.151 | 16.556.155 |
| Придонеси од плати | 4.3.21б | 6.371.854 | 5.987.878 |
| Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 4.3.22 | 73.592 | 71.546 |

(во денари)

| | Белешка[2] | 2015 | 2014 |
|---|---|---|---|
| **Добивка пред оданочување** | | **7.490.013** | **8.475.852** |
| Данок на добивка | 5.1.9 | 113.662 | 52.410 |
| **Добивка по оданочување** | 5.1.10 | **7.376.351** | **8.423.442** |

[1] Броевите дадени во белешки се референца за објаснувањата презентирани во точката 4

[2] Броевите дадени во белешки се референца за објасбувањата презентирани во точката 5

## 3. Биланс на состојба на 31 декември 2015 година

**Заклучно со 31.12.2015 година средствата, обврските и капиталот на МАПАС се како што следат:**

(во денари)

| | Белешка[3] | 2015 | 2014 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | **51.274.487** | **43.393.848** |
| Парични средства на сметка | 5.1.0 | 7.865.980 | 12.335.922 |
| Опрема и недвижности | 5.1.1 | 80.427.182 | 76.959.580 |
| Амортизација | 5.1.2 | (61.842.671) | (59.990.980) |
| Краткорочни депозити | 5.1.3 | 20.000.000 | 10.000.000 |
| Активни временски разграничувања | 5.1.4 | 4.823.996 | 4.089.326 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ОБВРСКИ И ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА** | | **51.274.487** | **43.393.848** |
| **Извори на средства** | | 18.584.511 | 16.968.600 |
| Деловен фонд | 5.1.5а | 18.464.163 | 16.853.850 |
| Останат фонд | 5.1.5б | 120.348 | 114.750 |
| **Вкупно обврски** | | 32.689.976 | 26.425.248 |
| Обврски кон добавувачи | 5.1.6 | 310.849 | 0 |
| Обврски кон државата | 5.1.7 | 120.887 | 57.504 |
| Пасивни временски разграничувања | 5.1.8 | 1.149.200 | 1.424.264 |
| Добивка по оданочување | 5.1.10 | 31.109.040 | 24.943.480 |

Белешките се интегрален дел кон овие финансиски извештаи.

[3] Броевите дадени во белешки се референца за објасбувањата презентирани во точката 5

## 4. Белешки кон финансиските извештаи

### а. Основни активности

МАПАС е основана во јули 2002 година, од страна на Владата на Република Македонија. МАПАС е основана заради вршење супервизија на работењето на пензиските друштва и на пензиските фондови, а со крајна цел да ги заштити интересите на членовите на пензиските фондови (осигурениците). Со МАПАС раководи Совет на експерти кој ги донесува финансиските извештаи. МАПАС има својство на правно лице и за својата работа одговара пред Собранието на Република Македонија. Таа врши супервизија на работењето на пензиските друштва, пензиските фондови и на чуварите на имот, како и на нивните финансиски извештаи во согласност со важечките закони и регулативи. Покрај финансиските извештаи, МАПАС подготвува и годишен извештај за своето работење кој го поднесува до Собранието на РМ, а изготвува и објавува годишен извештај за состојбите во задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување.

### б. Основа за презентирање на финансиски извештаи

Презентираните финансиски извештаи се подготвени согласно стандардите на постојните закони за работење на непрофитни организации одобрени од Министерството за финансии.

Од 2011 година МАПАС има сметка во деловна банка со што се згасна нејзината буџетска сметка и МАПАС започна да го води сметководството согласно Законот за сметководство на непрофитни организации.

Промената настана откако со член 13 од Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување ("Службен весник на РМ" бр. 171/2010) беше уредено дека МАПАС има сметка во деловна банка. Врз основа на таа промена, на барање на МАПАС, Министерството за финансии со писмо бр. 12-8988/22 од 17.3.2011 година ја извести дека сметководството треба да го води согласно Законот за сметководство за непрофитни организации.

### в. Признавање на приходите и расходите за 2015 година

Признавањето на приходите и расходите на непрофитните организации се спроведува според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции. Модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции значи приходите, односно расходите да се признаат во пресметковниот период во кој што настанале, според критериумот на мерливост и расположливост.

**Во продолжение ќе бидат детално образложени содржинските елементи на одделните позиции во финансиските извештаи на МАПАС**

**4.3.0 Приходи** **46.066.072 денари**

Приходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно. Приходите се расположливи кога се остварени во пресметковниот период или во рок до 30 дена по истекот на пресметковниот период под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.

МАПАС е одговорна за наплата на приходите кои ги остварува од вршење на работите од својата надлежност. Согласно член 56 став (3) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (во натамошниот текст: "Законот") работењето на МАПАС се финансира од надоместоците кои ги наплатува од пензиските

друштва. Согласно Законот, висината на тие надоместоци ја утврдува Советот на експерти на МАПАС, на која согласност дава Собранието на Република Македонија. МАПАС остварува и приходи од камата врз основа на отворен депозит по видување за средствата депонирани на трансакциската сметка и приходи од камата по орочен депозит во деловна банка. Орочените депозити се средства кои го претставуваат резервниот фонд на МАПАС.

Во продолжение е даден подетален преглед на неданочните приходи согласно билансните ставки.

**4.3.0а Приходи од надоместоци**

Приходите од надоместоците кои МАПАС ги оствари во 2015 година се како што следува:

(во денари)

| | **КБ Прво друштво** | **Нов пензиски фонд** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|
| Приходи врз основа на надоместок (0,8%) | 22.723.864 | 20.179.058 | **42.902.922** |
| Приходи врз основа на други надоместоци | 1.236.612 | 1.316.812 | **2.553.424** |
| Вондредни приходи од минати години | 0 | 0 | **145.113** |
| **Вкупно приходи од надоместоци** | **23.960.476** | **21.495.870** | **45.601.459** |

Како што е претставено во табеларниот приказ, врз основа на „Приходи од надоместоци" во 2015 година беа остварени вкупно **45.601.459денари.**

Тие приходи се остварени врз две основи:

а) месечен надоместок кој МАПАС го наплаќа од друштвата, како процент од вкупните придонеси уплатени во претходниот месец во пензиските фондови со кои управуваат тие друштва и кој за **2015** година изнесуваше **0,8%.** Надоместокот е утврден со *Одлука за висината на месечниот надомест за 2015 година што Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување го наплатува од пензиските друштва*, бр. 02-1406/4 од 10.12.2014 година ("Службен весник на РМ" бр. 82/2015);

б) приходи од други надоместоци кои ги наплаќа МАПАС од пензиските друштва а се наменети за покривање на тековни трошоци за организирање на испити за агентите и водење на регистерот на агенти, спроведување на постапка за давање согласност на договори склучени меѓу пензиско друштво и правно лице кое врши услуги со хартии од вредност, надоместок за пристап кон информациониот систем на МАПАС и промена на сопственичка структура или вршење статутарни измени и други ситуации кои повлекуваат ангажирање на дополнителни ресурси и трошоци од страна на МАПАС. Надоместоците се утврдени со *Одлука за утврдување на висината на надоместоците што Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување ги наплатува од пензиските друштва* бр. 02-1566/7 од 11.12.2013 година ("Службен весник на РМ" бр.51/2014).

Во 2015 година остварени се и "Вондредни приходи од минати години" во износ од 145.113 денари. Тие приходи се остварени врз основа на рефундација за трошоци за службен пат во странство во 2014 година врз основа на договор за членство на Агенцијата во меѓународна организација за финансиска едукација.

Споредени со претходната година, приходите на МАПАС во 2015 година бележат зголемување кое се должи на фактот што во 2015 година беше зголемен бројот на вработени во Република Македонија, односно бројот на членови во вториот и третиот пензиски столб, од чии уплати се наплатува 0,8% како надоместок за МАПАС.

**4.3.0б Приходи од камата**

Приходите од камати кои МАПАС ги оствари во 2015 година беа следни:

(во денари)

| | Халкбанк | Халкбанк и Еуростандард банка | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| Приходи од камата на депозит по видување | 48.002 | 0 | **48.002** |
| Приходи од камата на орочен депозит | 0 | 416.611 | **416.611** |
| **Вкупно приходи од камата** | **48.002** | **416.611** | **464.613** |

Во 2015 година, МАПАС оствари вкупни приходи од камата во износ од 464.613 денари. Приходите од камата се остварени врз две основи: - приходи од камата врз основа на отворен депозит по видување во износ од 48.002 денари и приходи од камата на орочен депозит која се пресметува и исплаќа на крајот на периодот на орочување на депозитот во износ од 416.611 денари.

**4.3.1 Расходи во 2015** **38.576.059 денари**

Расходите на непрофитните организации во смисла на член 13 став (3) од Законот за сметководство на непрофитни организации се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале, доколку се платени во пресметковниот период (до 31 декември во тековната деловна година) или се платени во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

Како расходи за 2015 година, се јавуваат следните ставки:

**4.3.2 Потрошени материјали**

Врз основа на потрошени материјали, расходите во МАПАС во 2015 година беа како што следи:

(во денари)

| | | 2015 | 2014 |
|---|---|---|---|
| 40000 | Потрошено гориво | 408.520 | 444.988 |
| 40001 | Потрошени канцелариски материјали | 87.034 | 85.707 |
| 40002 | Потрошени материјали – тонери | 0 | 44.939 |
| 40024 | Останат инвентар-телефон | 15.222 | 22.603 |
| 40028 | Останат ситен инвентар | 48.913 | 56.807 |
| **400** | **Потрошени материјали** | **559.689** | **655.044** |

Потрошени материјали се издатоци за набавка на: гориво, канцелариски материјали и ситен инвентар. Од податоците во табеларниот преглед, може да се заклучи дека во наведените ставки за 2015 година нема големо отстапување во однос на остварените во претходната година.

### 4.3.3 Потрошена енергија (комуналии)

Врз основа на потрошена енергија, расходите во МАПАС за 2015 година беа како што следи:

(во денари)

| | | 2015 | 2014 |
|---|---|---|---|
| 40102 | Електрична енергија | 573.042 | 563.075 |
| 40103 | Комунални услуги | 27.384 | 27.384 |
| 40104 | Комуналии-топлинска енергија | 689.751 | 0 |
| **401** | **Потрошена енергија (комуналии)** | **1.290.177** | **590.459** |

Расходите за потрошена енергија (комуналии) се однесуваат за направени издатоци за: електрична енергија, топлинска енергија и комунален отпад. Во оваа категорија е забележливо поголемо отстапување во однос на претходната година во ставката за топлинска енергија, што се должи на тоа што, согласно потпишаната спогодба бр.05-365/3 од 17.01.2012 година помеѓу МАПАС и Фондот за здравствено осигурување, користењето на потстаницата и мрежата за снабдување со топлинска енергија е заедничка. Како резултат на тоа, МАПАС се задолжува да плати 20% од фактурите за топлинска енергија пристигнати до Фондот за здравствено осигурување.

### 4.3.4 Инвестиционо одржување на средствата

Расходите на МАПАС врз основа на инвестиционо одржување на средствата, во 2015 година беа како што следи:

(во денари)

| | | 2015 | 2014 |
|---|---|---|---|
| 40210 | Инвестициско одржување на средствата | 98.200 | 0 |
| **402** | **Инвестициско одржување на средствата** | **98.200** | **0** |

Расходите за инвестиционо одржување на средствата се однесуваат за направени издатоци за одржување на опрема за систем за дојава на пожар.

### 4.3.5 Други услуги

Врз основа на други услуги, расходите во МАПАС за 2015 година беа како што следи:

(во денари)

| | | 2015 | 2014 |
|---|---|---|---|
| 40301 | Поштенски услуги | 356.171 | 324.151 |
| 40303 | Чистење на простории | 236.629 | 250.286 |
| 40305 | Телефон | 442.840 | 507.334 |
| 40306 | Услуги за копирање, печатење и ковертирање | 217.167 | 108.829 |
| 40308 | Надомест за паркинг простор | 1.801 | 12.980 |
| 40311 | Одржување на софтвер | 2.377.970 | 611.004 |
| 40312 | Сметки за телевизија | 9.138 | 8.090 |
| 40313 | Одржување на возило | 404.237 | 213.826 |
| 40314 | Одржување на опрема | 1.232.844 | 669.646 |
| 40315 | Услуги за миење на возила | 0 | 472 |
| 40316 | Одржување (поравки) на објект | 13.412 | 20.007 |
| **403** | **Други услуги** | **5.292.209** | **2.726.625** |

Во оваа категорија на трошоци влегуваат: поштенски услуги, фиксна и мобилна телефонија, сметки за телевизија (кабловска), услуги за копирање, печатење и ковертирање, чистење на просториите, надомест за паркинг простор, одржување на софтвер, одржување на опрема (ИБМ хардверска опрема, принтери, алармен систем и друга опрема), одржување и услуги за возила и други услуги кои се користат за тековни потреби.

Расходите наведени во ставките „Одржување на софтвер“ и „Одржување на опрема“ беа поголеми во однос на претходната година поради тоа што во 2014 година трошоците за одржување на софтвер за втор и трет пензиски столб и одржување на ИБМ хардверска опрема беа покриени од средствата од резервниот фонд на МАПАС, додека во 2015 година таквите трошоци беа покриени од страна на редовната сметка на МАПАС. Од прикажаните податоци во табеларниот преглед може да се заклучи дека во останатите трошочни ставки за 2015 година нема големо отстапување во однос на остварувањата во претходната година.

### 4.3.6 Превозни –транспортни услуги

Врз основа на превозни транспортни услуги, расходите во МАПАС за 2015 година беа како што следи:

(во денари)

| | | 2015 | 2014 |
|---|---|---|---|
| 40400 | Превозни – транспортни услуги | 112.997 | 0 |
| **404** | **Превозни – транспортни услуги** | **112.997** | **0** |

Расходите за превозни–транспортни услуги се однесуваат за направени издатоци за такси услуги за потребите на вработените на МАПАС.

### 4.3.7 Издатоци за реклама и репрезентација

Издатоците за реклама и репрезентација во МАПАС за 2015 година беа како што следи:

(во денари)

| | | 2015 | 2014 |
|---|---|---|---|
| 40501 | Издатоци за репрезентација | 256.185 | 170.057 |
| 40502 | Издатоци за реклама | 70.933 | 591.053 |
| 40503 | Трошоци за подароци | 31.592 | 9.250 |
| **405** | **Издатоци за реклама и репрезентација** | **358.710** | **770.360** |

Во оваа категорија спаѓаат издатоци за репрезентација (бифе на МАПАС и службени ручеци), издатоци за реклама (реклама во Златна книга) како и трошоци за подароци за гости на МАПАС од земјата и од странство.

Намалување се забележува кај трошоците за издатоци за реклама бидејќи во 2015 година имаше заклучок од Владата на Република Македонија бр.42-17/87 од 14.07.2015 година за да се престане со емитување/рекламирање кампањи/спотови на платен простор на електронски и печатени медиуми, како и на интернет порталите се до донесување на новата методологија за реклами.

### 4.3.8 Наемнини

Врз основа на наемнини, расходите во МАПАС за 2015 година беа како што следи:

| | | 2015 | 2014 |
|---|---|---|---|
| 40801 | Наем на деловен простор | 6000 | 0 |
| 40802 | Наем на опрема | 35.377 | 44.423 |
| 40804 | Наем на сали и амфитеатри | 0 | 12.000 |
| 40890 | Наем на Интернет линија | 119.765 | 161.395 |
| **408** | **Наемнини** | **161.142** | **217.818** |

Трошоците за наемнини вклучуваат трошоци за изнајмувања на канцелариски и друг тип на простор, изнајмување на канцелариска опрема како и изнајмување на интернет линија. Од прикажаните податоци во табеларниот преглед може да се заклучи дека во тие трошочни ставки за 2015 година нема големо отстапување во однос на остварувањата во претходната година.

### 4.3.9 Други материјални расходи

Другите материјални расходи во МАПАС за 2015 година беа како што следи:

(во денари)

| | | 2015 | 2014 |
|---|---|---|---|
| 40902 | Списанија и службена литература | 91.359 | 83.500 |
| 40903 | Издатоци за средства за хигиена | 29.700 | 25.900 |
| 40904 | Обезбедување на простор (имот) | 27.984 | 30.528 |
| 40909 | Други материјални расходи | 170.800 | 355.580 |
| 40930 | Расходи за регистрација на возила | 8.011 | 5.174 |
| 40991 | Услуги за патарини | 108.760 | 100.520 |
| **409** | **Други материјални расходи** | **436.614** | **601.202** |

Во оваа категорија спаѓаат трошоците за списанија и стручна литература, патарини, трошоци за хигиена, обезбедување на простор и други материјални расходи (надоместок за размена на берзански податоци и благајна – материјални трошоци). Од прикажаните податоци во табеларниот преглед може да се заклучи дека во горенаведените трошочни ставки за 2015 година нема големо отстапување во однос на остварувањата во претходната година.

### 4.3.10 Провизија за платен промет

Врз основа на провизија за платен промет, расходите во МАПАС за 2015 година беа како што следи:

(во денари)

| | | 2015 | 2014 |
|---|---|---|---|
| 41000 | Провизија за платен промет | 17.680 | 15.462 |
| 41001 | Провизија за купопродажба на девизи | 16.086 | 14.284 |
| 41002 | Провизија за платен промет (за орочениот депозит) | 0 | 1.060 |
| 41003 | Провизија за платен промет (за дебитна картичка) | 195 | 337 |
| **410** | **Провизија за платен промет** | **33.961** | **31.143** |

Во оваа категорија се вклучени трошоците за платен промет за дневни налози за плаќање, провизија за купопродажба на девизи за плаќање во странство и провизија за платен промет за дебитна картичка која се користи за потребите на МАПАС.

### 4.3.11 Премии за осигурување

Врз основа на премии за осигурување, расходите во МАПАС за 2015 година беа како што следи:

(во денари)

| | | 2015 | 2014 |
|---|---|---|---|
| 41200 | Осигурување на возила | 27.667 | 17.581 |
| 41202 | Премии за осигурување на лица (патничко осигурување) | 1.170 | 6.740 |
| 41203 | Осигурување на имот | 14.331 | 19.600 |
| 41204 | Осигурување од незгоди | 31.749 | 75.419 |
| **412** | **Премии за осигурување** | **74.917** | **119.340** |

Во оваа категорија се вклучени трошоците за патничко осигурување за службени патувања на вработените во странство, зелен картон – осигурување на службените возила во странство, осигурување на имот и осигурување од незгоди за вработени. Од прикажаните податоци во табеларниот преглед може да се заклучи дека во предметните трошочни ставки за 2015 година има отстапување во однос на нивните остварувања во претходната година, а се должи на тоа дека во 2015 година службените возила не беа каско осигурани.

### 4.3.12 Патни и дневни расходи

Врз основа на патни и дневни трошоци, расходите во МАПАС во 2015 година беа како што следи:

(во денари)

| | | 2015 | 2014 |
|---|---|---|---|
| 41300 | Службен пат во странство – транспортни трошоци | 214.848 | 372.201 |
| 41301 | Службен пат во странство – дневници | 297.501 | 434.046 |
| 41302 | Службен пат во странство – сместување | 73.840 | 190.483 |
| 41305 | Сопствено возило за службени цели | 17.925 | 49.245 |
| 41307 | лужбен пат во земјата – сместување | 147.000 | 150.490 |
| 41308 | Службен пат во земјата – патни трошоци | 20.000 | 22.050 |
| **413** | **Дневници за службени патувања и патни трошоци** | **771.114** | **1.218.515** |

Трошоците за службени патувања во земјата и странство опфаќаат: трошоци за сместување, исхрана и за превоз. Пресметката и исплатата на тие трошоци беше реализирана според Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на управата и управните организации им се признаваат во материјални трошоци („Службен весник на Република Македонија" бр.50/2000, 64/2001, 110/2008, 82/2010, 12/2012, 5/2013, 1/14 и 90/14), која почна да се применува од 01.01.2015 година. Во оваа категорија, исто така, се вклучени и исплатите за користење на сопствено возило за службени цели. Во ставката ''Службен пат во земјата – сместување'' евидентирани се трошоците за организирање "Тим билдинг" на вработените во МАПАС. Во ставките на оваа категорија евидентно е намалување во однос на остварувањата во претходната година кај трошоците за службени патувања во странство, а што се должи на откажани конференции во странство.

### 4.3.13 Надоместоци за трошоци на работници и граѓани

Врз основа на надоместоци за трошоци на работници и граѓани, расходите во МАПАС во 2015 година беа како што следи:

(во денари)

| | | 2015 | 2014 |
|---|---|---|---|
| 41403 | Лекарски преглед | 0 | 82.500 |
| **414** | **Лекарски преглед** | **0** | **82.500** |

Во оваа категорија не се евидентираат трошоци бидејќи прописите во РМ условуваат лекарскиот преглед на вработените да се изврши на секои 18 месеци.

### 4.3.14 Негативни курсни разлики

Врз основа на негативни курсни разлики, расходите во МАПАС во 2015 година беа како што следи:

(во денари)

| | | 2015 | 2014 |
|---|---|---|---|
| 41500 | Негативни курсни разлики | 539 | 0 |
| **415** | **Негативни курсни разлики** | **539** | **0** |

Во оваа категорија се евидентираат трошоци за негативни курсни разлики кои се појавуваат при купородажба на девизи за службен пат во странсво и нивно враќање на жиро сметката на МАПАС.

**4.3.15 Членарини**

Врз основа на членарини, расходите во МАПАС за 2015 година беа како што следи:

(во денари)

| | | 2015 | 2014 |
|---|---|---|---|
| 41602 | Членарини во меѓ.здруженија | 339.350 | 338.116 |
| 41603 | Членарини во нац.здруженија | 20.000 | 20.000 |
| **416** | **Членарини** | **359.350** | **358.116** |

Во оваа категорија се содржани трошоците за членарина на МАПАС во ИОПС (Меѓународна организација за пензиски супервизори), како и трошоците за членарина во ОРМ (Организација на работодавачи на Македонија).

**4.3.16 Интелектуални и други услуги**

Врз основа на интелектуални и други услуги, расходите во МАПАС за 2015 година беа како што следи:

(во денари)

| | | 2015 | 2014 |
|---|---|---|---|
| 41701 | Надомест за надворешен член на Советот на експерти | 642.600 | 594.660 |
| 41705 | Други договорни услуги | 253.161 | 0 |
| 41706 | Превод, лектор | 72.748 | 122.297 |
| 41712 | Надомест за вработени | 4.654 | 0 |
| 41721 | Надворешна ревизија на финансиски извештаи | 117.410 | 0 |
| 41723 | Истражување најавното мислење | 54.500 | 0 |
| 41731 | Обуки за стручно усовршување | 617.134 | 54.833 |
| 41732 | Семинари и конференции | 52.142 | 196.420 |
| 41733 | Ревизија за лични податоци | 0 | 79.296 |
| **417** | **Интелектуални и други услуги** | **1.814.349** | **1.047.506** |

Во оваа категорија се евидентирани трошоците поврзани со: надоместок за надворешните членови на Советот на експерти, преводи (веб страна, закон за ЗКФПО на албански и на англиски јазик и превод на Извештајот за состојбите на КФПО) и трошоци за лекторирање, обуки за стручно усовршување, како и трошоци за учество на вработени во МАПАС на семинари и конференции. Како нови ставки во оваа категорија се евидентирани трошоците за услуги на ревизија на финансиски извештаи, редизајнирање на веб страна на МАПАС, сертификација ИСО 27001, сертификација на систем менаџмент, истражување на јавното мислење на членовите на задолжителните пензиски фондови кој се спроведе преку телефонска анкета од страна на избрано правно лице и сл., кои се причина за отстапувањето, односно зголемувањето на расходите во таа категорија во однос на остварувањата во претходната година. Зголемување се бележи и во ставката " Обуки за стручно усовршување поради посета на специјализирана обука во странство за антивирусна заштита на вработените во ИТ отсекот.

### 4.3.17 Останати други расходи

Останатите други расходи на МАПАС за 2015 година беа како што следи:

(во денари)

| | | 2015 | 2014 |
|---|---|---|---|
| 41801 | Др.расходи – огласи | 29.772 | 111.416 |
| 41812 | Останати јавни давачки | 262.110 | 23.330 |
| **416** | **Останати др.расходи** | **291.882** | **134.746** |

Во оваа категорија се евидентирани трошоците за огласи за јавни набавки и останати јавни давачки кои се однесуваат на јавни/државни институции.

Според презентираните податоци во табеларниот приказ, во наведените ставки за 2015 година се забележува зголемување во однос на претходната година заради трошоците за огласи и барање мислења од Советот за јавни набавки. Зголемувањето на расходите се бележи поради Измената на законот за јавни набавки која почна да се применува од мај 2014 година каде што е предвидено за секоја постапка за јавна набавка задолжително да се бара мислење од Советот за јавни набавки, кој наплаќа надоместок за секое дадено стручно мислење. За ова ставка во 2014 година беа платени надоместоци за шест месеци по донесување на измената на законот, додека за 2015 година надоместоците беа платени за сите мислења доставени во текот на годината.

### 4.3.18 Средства за градежни објекти

Врз основа на ангажирани средства за градежни објекти, расходите во МАПАС за 2015 година беа како што следи:

(во денари)

| | | 2015 | 2014 |
|---|---|---|---|
| 4406 | Изградба, реконструкција и адаптација на деловен простор | 35.498 | 237.667 |
| 4407 | Програми, проекти и експертизи | 0 | 77.880 |
| **440** | **Средства за градежни објекти** | **35.498** | **315.547** |

Во оваа категорија се евидентирани трошоците за реконструкција на плафони во систем салата на деловниот објект на МАПАС. Во 2015 година немаше други градежни активности.

### 4.3.19 Средства за опрема

Врз основа на набавка на опрема, расходите во МАПАС за 2015 година беа како што следи:

(во денари)

| | | 2015 | 2014 |
|---|---|---|---|
| 44100 | Средства за опрема | 29.205 | 0 |
| 44103 | Друга опрема | 232.790 | 11.055 |
| 44107 | Средства за компјутерска опрема | 747.112 | 0 |
| **440** | **Средства за опрема** | **1.009.107** | **11.055** |

Во оваа категорија се евидентирани трошоците за набавка на мобилен телефон, друга опрема (набавка и инталација на централа за дојава на пожар, набавка на огноотпорен ПП шкаф) и набавка на компјутерска опрема.

### 4.3.20 Други капитални средства

Врз основа на други капитални средства, расходите во МАПАС за 2015 година беа како што следи:

(во денари)

| | | 2015 | 2014 |
|---|---|---|---|
| 44201 | Книги во библиотека | 5.598 | 0 |
| 4421 | Набавка на софтвер, лиценци | 1.079.381 | 35.400 |
| 442300 | Канцелариски мебел | 29.028 | 117.404 |
| **442** | **Други капитални средства** | **1.114.007** | **152.804** |

Под други капитални средства се подразбираат издатоците за набавка на софтвери, кои МАПАС ги користи за извршување на своите надлежности. Набавките се реализирани согласно Законот за јавни набавки и тие се сметаат за инвестициски активности со оглед на подолгиот век на траење и големината на вредноста на средствата. Евидентирањето е во моментот на плаќање на обврската по претходно добиена фактура и испратница. Во тие ставки се забележува зголемување во однос на претходната година поради набавката на нови софтверски лиценци и надградба на постојниот софтвер за членство (ИТ системот на МАПАС). Во 2014 година за овие трошоци се користеа средства од резервниот фонд на МАПАС. Во оваа категорија спаѓаат и трошоците за книги и канцелариски мебел.

### 4.3.21 Вкалкулирани плати

Врз основа на вкалкулирани плати, расходите во МАПАС за 2015 година беа како што следи:

*4.3.21* **460 Вкалкулирани плати (а + б)** **24.688.005 денари**

*4.3.21а.* *Основни плати*

*(во денари)*

| | | 2015 | 2014 |
|---|---|---|---|
| 46000 | Основни плати – функционери | 2.599.228 | 2.252.134 |
| 46001 | Основни плати вработени | 14.145.372 | 12.901.614 |
| 46007 | Персонален данок | 1.571.551 | 1.402.407 |
| | **Вкупно плати** | **18.316.151** | **16.556.155** |

*4.3.21б. Придонеси од плати*

| | | 2015 | 2014 |
|---|---|---|---|
| 46002 | Придонес за ПИОМ | 4.247.906 | 3.991.975 |
| 46003 | Придонес за здравствено осигурување | 1.722.742 | 1.618.902 |
| 46005 | Придонес за дополнит. здравство | 118.006 | 110.879 |
| 46004 | Придонес за вработување | 283.200 | 266.122 |
| | **Основни придонеси од плата** | **6.371.854** | **5.987.878** |

Платите и придонесите од плата на вработените и на именуваните лица се регулираат согласно важечките законски прописи и интерните акти на МАПАС. Согласно законските измени и дополнувања на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување ("Службен весник на РМ" 98/2012) со МАПАС раководи Советот на експерти, кој е составен од Претседател на Советот на екперти, два внатрешни и два надворешни членови. Претседателот и внатрешните членови се редовно вработени во МАПАС, така што вкупниот број на вработени во МАПАС изнесува 31.

Во 2015 година имаше и унапредувања на вработени во МАПАС и се потпиша спогодба за вработување без јавен оглас кое што, исто така придонесе за зголемување на расходите за плати.

Согласно измените на Законот за персонален данок на доход и Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, платите за 2015 година се пресметани со примена на даночното ослободување од 7.320 денари, додека стапките за задолжителни придонеси и персонален данок на доход останаа исти (данок на доход 10%, придонесот за пензиско инвалидско осигурување изнесуваше 18%, придонесот за здравствено осигурување 7,3%, за вработување 1,2% и дополнителниот придонес за професионално заболување 0,5%).

### 4.3.22 Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот

Врз основа на даноци и придонеси кои не зависат од резултатот, расходите во МАПАС за 2015 година беа како што следи:

(во денари)

| | | 2015 | 2014 |
|---|---|---|---|
| 47003 | Персонален данок – за СЕ | 71.600 | 66.074 |
| 47004 | Персонален данок – сопствено возило | 1.992 | 5.472 |
| | **470 Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот** | **73.592** | **71.546** |

Во оваа категорија влегуваат исплатите за персонален данок врз основа на користење на приватно возило за службени цели и персонален данок на доход за надоместоците на надворешните членови на Советот на експерти.

## 5. Проценување на позициите од билансот на состојба

МАПАС треба благовремено и точно да ги евидентира сите сметководствени настани кои се однесуваат за календарската година, што подразбира дека и останатите сметководствени документи (фактури, испратници) кои се однесуваат за годината кога се известува, а се пристигнати во јануари следната година, треба да се евидентираат во тековната сметководствена евиденција.

Признавањето на приходите и расходите на непрофитните организации се спроведува според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции. Модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции значи приходите односно расходите да се признаат во пресметковниот период во кој што настанале, според критериумот на мерливост и расположливост.

### 5.1.0 Парични средства на сметка

МАПАС ги применува сметководствените начела и принципи за сметководствената евиденција за да обезбеди усогласена состојба на парични средства искажани во Билансот на состојба со последните изводи од деловните банки.

На 31.12.2015 година состојбата на парични средства на сметката во банка е усогласена со состојбата на ставката Парични средства. Според последниот извод бр. 120 од 31.12.2015 година состојбата на крајно салдо на сметката на МАПАС во Халкбанк е **7.815.535 денари.** Според последниот извод бр.1 од 31.07.2015 година состојбата на крајно салдо на сметка на МАПАС во Алфа банка изнесуваше **212 денари,** додека салдото на сметката во Охридска банка, според последниот извод бр. 17 на 02.12.2015 година, изнесуваше **50.233 денари.** Тоа значи дека, на крајот на годината, вкупниот износ на ставката Парични средства беше **7.865.980 денари.** Секојдневните активности на МАПАС за кои се потребни готови парични средства се извршуваат преку благајна. На крајот на годината благајната се сведува на 0 денари, а вишокот се враќа на жиро сметка на МАПАС.

Заради патувања на вработени во странство, МАПАС има девизна благајна преку која се евидентираат исплатите на дадените девизни аванси, сметки, фактури и други документи во странска валута доставени од вработените по завршеното патување. Девизната благајна на крајот на годината се сведува на 0 денари, додека вишокот се враќа на жиро сметка.

### 5.1.1 Опрема и недвижности

Согласно сметководствените принципи и стандарди, во текот на 2015 година МАПАС вршеше амортизација на секое средство кое има набавна вредност над 300 евра во денарска противвредност, додека средствата под 300 евра во денарска противвредност беа само евидентирани во спецификација како ситен инвентар на МАПАС. Доколку некое средство има посебна важност за вршење на дејноста на МАПАС, а неговата вредност е под 300 евра, тоа се евидентира како основно средство, а не како ситен инвентар.

### 5.1.1а Опрема

Вкупната состојба на Постројки и опрема во 2015 година е следната:

(во денари)

| | | 2015 | 2014 |
|---|---|---|---|
| 013 | Постројки и опрема | 67.836.849 | 64.410.343 |

На 31.12.2015 вкупните постројки и опрема изнесувале **67.836.849**, со тоа што во 2015 година била набавена опрема во износ од 3.426.506 денари.

Во оваа ставка спаѓаат: набавката на нови софтверски лиценци и надградба на постојниот софтвер за членство (ИТ системот на МАПАС) канцелариски мебел, мобилен телефон, инталација на централа за дојава на пожар, набавка на огноотпорен ПП шкакф и компјутерска опрема.

### 5.1.1б Градежни објекти

Вредноста на градежните објекти во 2015 година, забележа скромен пораст од 35.498 денари и на 31.12.2015 година е следната:

(во денари)

| | | 2015 | 2014 |
|---|---|---|---|
| 01210 | Административни згради | 12.469.985 | 12.434.487 |
| **012** | **Градежни објекти** | **12.469.985** | **12.434.487** |

### 5.1.1в Останати постојани средства

Во категоријата останати постојани средства, состојбата на крајот на 2015 година беше следна:

(во денари)

| | | 2015 | 2014 |
|---|---|---|---|
| 01720 | Книги во библиотека | 104.027 | 98.430 |
| 01721 | Уметнички слики | 16.320 | 16.320 |
| **017** | **Останати постојани.средства** | **120.347** | **114.750** |

Категоријата останати постојани средства се користи за евидентирање на уметнички слики и книги во библиотека. Во 2015 година библиотеката на МАПАС е зголемена со книги во вредност од 5.598 денари.

### 5.1.2 Амортизација

Согласно Правилникот за сметководството за непрофитните организации, при за пресметка на годишна амортизација на опремата и недвижностите, МАПАС ги применува следните стапки:

| Опрема | Годишна стапка на амортизација |
|---|---|
| Згради од бетон | 1% |
| Патнички автомобил | 15% |
| Опрема за разладување и греење | 16% |
| Компјутерска опрема | 20% |
| Канцелариски мебел | 12% |
| Аудио, видео и ТВ опрема | 14% |
| Канцелариска опрема | 14% |
| Противпожарна опрема | 12% |
| Канцелариска опрема со 16% | 16% |
| Компјутерска опрема – хард дискови | 16% |
| Компјутерски софтвер | 12% |
| РАМ меморија | 14% |
| Бела техника | 12% |

Согласно годишната амортизација која се прави на крајот од годината, направена е следната пресметка на годишната амортизација:

Евидентирана годишна пресметка за амортизација **за 2015**

| ОПИС | Вкупно набавна вредност | Амортизација за 2015 | Акумулирана амортизација | Сегашна вредност |
|---|---|---|---|---|
| ВКУПНО СОСТОЈБА НА СРЕДСТВА ЗА 2015 | 80.427.182 | 1.851.691 | 61.842.671 | 18.584.511 |

Евидентирана годишна пресметка за амортизација **за 2014**

| ОПИС | Вкупно набавна вредност | Амортизација за 2014 | Акумулирана амортизација | Сегашна вредност |
|---|---|---|---|---|
| ВКУПНО СОСТОЈБА НА СРЕДСТВА ЗА 2014 | 76.959.580 | 2.710.951 | 59.990.980 | 16.968.600 |

### 5.1.3 Краткорочни депозити

По утврдување на големината на резервниот фонд за 2015 година, МАПАС изврши истражување на банки кои нудат најповолни каматни стапки, заради орочување на средствата од резервниот фонд. По добиените понуди од одделни банки, беше одлучено износот од **20.000.000 денари** да се орочат на 1 година во три банки и тоа со каматна стапка од 2,1% за **9.000.000** денари во Халкбанк, со каматна стапка од 2,3% за **9.000.000** денари во Еуростандард банка, а во Алфа банка средствата се орочени со каматна стапка од 2,5% за **2.000.000** денари. Приходите од каматата ќе се наплатат на крајот на периодот на орочување, односно во јули 2016 година.

### 5.1.4 Активни временски разграничувања

Во Активни временски разграничувања се евидентирани приходи кои што настанале во пресметковниот период, а кои се наплатени од двете пензиски друштва 30 дена по истекот на пресметковниот период и тоа како приход врз основа на надоместокот (0.8%) и од други надоместоци.

(во денари)

| | **КБ Прво друштво** | **Нов пензиски фонд** | **Остан. АВР** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| Побарување врз основа на надоместок (0.8%) | 2.233.983 | 2.071.262 | 0 | 4.305.245 |
| Побарување врз основа на други надоместоци | 103.951 | 103.951 | 0 | 207.902 |
| Останати АВР | 0 | 0 | 310.849 | 310.849 |
| **Вкупно побарување на 31.12.2015 година** | **2.337.934** | **2.175.213** | **310.849** | **4.823.996** |

Сметководствената евиденција ги опфаќа сите сметководствени трансакции и документи кои се однесуваат на сите побарувања, односно ги вклучува и евидентира сите побарувања врз основа на извршени услуги во текот на фискалната година, независно дали документите се издадени по истекот на фискалната година.

### 5.1.6 Обврски кон добавувачи

Во категоријата обврски кон добавувачи се евидентирани трошоците кои што настанале во пресметковниот период, а кои не се платени 30 дена по истекот на пресметковниот период.

Така пресметани, обврските кон добавувачи во МАПАС за 2015 година беа како што следи:

(во денари)

| | 2015 |
|---|---|
| **2200 Обврски кон добавувачи** | **310.849** |

Обврските кон добавувачи за 2015 година се однесуваат на трошоци за топлинска енергија, одржување на возила и обезбедување на објектот.

### 5.1.7 Обврски кон државата

Во категоријата обврски кон држвата се евидентирани трошоците кои се однесуват на данокот за непризнаени расходи (данок на добивка) кои за **2015** година изнесуваат **120.887** денари.

### 5.1.8 Пасивни временски разграничувања

**Во пасивни временски разграничувања** се содржани краткорочни обврски на МАПАС кон добавувачи кои се трошок за 2015 година, а се платени до 30 јануари 2016 година и тоа:

| | 2015 |
|---|---|
| **298 Пасивни временски разграничувања** | **1.149.200** |

### 5.1.9 Добивка пред оданочување и данок

Согласно Законот за данокот на добивка ("Службен весник на Република Македонија", бр. 112/2014, 129/2015 и 23/2016), основа за пресметување на данокот за соодветниот даночен период претставува износот на непризнаените расходи и помалку искажаните приходи. Сметководствената бруто добивка се утврдува според прописите за сметководство и воспоставените деловни политики и практики.

Даночната основа утврдена од непризнаените расходи за даночни цели се состои од:

- оданочиви расходи и помалку искажани приходи и
- расходи и помалку искажани приходи од поврзани субјекти.

Согласно член 11 од тој Закон и согласно направените трошоци во 2015 година, за МАПАС оданочиви расходи се сметаат:

1) расходите кои не се поврзани со вршење на дејност на субјектот односно не се непосреден услов за извршување на таа дејност и не се последица од вршењето на таа дејност;

2) исплатените надоместоци на трошоци и други лични примања од работен однос, освен утврдените со оваа точка во износи кои не го надминуваат:

- најнискиот износ на исплатените дневници за службени патувања, теренски додаток или одвоен живот утврден со Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството на Република Македонија и прописите за органите на државната управа, при што исплатите врз оваа основа меѓусебно се исклучуваат;
- износот на исплатените надоместоци на трошоци за користење на сопствено возило на вработен за потребите на работодавачот, во висина од 30% од исплатениот износ;

3) трошоците врз основа на месечните надоместоци на членовите на органите на управување над 50% од просечната месечна бруто плата исплатена во претходната година во Република Македонија, при што како надоместоци на членови на органите на управување се сметаат месечниот надоместок, односно паушал, надоместоците за патни и дневни трошоци;

4) трошоците направени за репрезентација во висина од 90%;

5) осигурување на вработените од незгода во висина од 100%.

Стапката на данокот од добивка изнесува 10%

(во денари)

| | 2015 | 2014 |
|---|---|---|
| **Добивка пред оданочување** | **7.490.013** | **8.475.852** |
| Данок на добивка | 113.662 | 52.410 |
| **Добивка по оданочување** | **7.376.351** | **8.423.442** |

### 5.1.10 Добивка по оданочување

Во 2015 година МАПАС оствари вишок на приходи над остварените трошоци, кој во целост се распределува во резервен фонд. За 2015 година нето добивката изнесува **7.376.351 денари**, а акумулираната нето добивка изнесува **31.109.040 денари.**

### 5.1.11 Резервен фонд

На седница на Советот на експерти одржана на 21.05.2015 година донесена е Одлука за користење на средствата од резервниот фонд на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување. Во 2015 година од средствата на резервниот фонд на МАПАС, согласно Финансискиот план за 2015 година, потрошени се вкупно **1.210.791 денари** и тоа за нови функционалности и промени во софтверските апликации во износ од **1.210.791 денари**.

**Акумулирана добивка**

**Вкупната акумулирана добивка на МАПАС заклучно со 31.12.2015 година изнесува 31.109.040 денари што е резултат на :**

- **Добивка од претходни години изнесува 24.943.480 денари**
- **Добивка по оданочување за 2015 година изнесува 7.376.351 денари**
- **Потрошен резервен фонд за 2015 изнесува 1.210.791 денари**

Согласно член 56-а од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, доколку во текот на претходната деловна година МАПАС оствари вишок приходи над остварените трошоци, остварениот вишок на средства се распределува во резервен фонд на МАПАС. Износот на акумулираната нето добивка во целост се пренесува во резервен фонд на жиро сметка на МАПАС во деловна банка. Располагањето со средствата од резервниот фонд е утврдено согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.

Подготвил: Пранвера Ајази
Одобрил: Ферди Касами

Претседател на Советот на експерти
д-р Булент Дервиши

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ